Врз основа на член 78 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72 /2016 и бр.142/2016), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на стошеест и прва седница на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ, одржана на ден 09.03.2018 година, ја донесе следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-153/2
09.03 2018 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

Се менува и дополнува Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Комора на извршители на РМ донесен на 09.10.2013 година со работно место правник на начин по работно место после реден број 4 се додава:

„ Реден број и назив на работното место : 5 Правен референт

Звање на работното место: Правник

Одговорен пред : Секретарот на КИРМ

Цел на работното место : спроведува правни работи кои бараат стручност, самостојност и одговорност, а се однесуваат на работата на Стручната служба на КИРМ и со која ќе биде задолжен од Секретарот на КИРМ.

Работни задачи и должности:

1. изработува писмени дописи, известувања и извештаи;
2. пружа помош при потреба од превод во службената кореспонденција на КИРМ;
3. води записник за средби и состаноци за потребите на Комората;
4. изработува одговори на приговори и претставки за кои е задолжен од страна на Секретарот на КИРМ;
5. пружа стручна правна помош по напатствија од Секретарот на КИРМ;
6. подготвува податоци потребни за изработка на информации и извештаи на Комората;
7. подготвува и обработува статистички податоци на барање на Секретарор;
8. се грижи рецеписите од пошта и доставниците да бидат уредно споени со испратениот акт и изработува попис на списи од предмет за потребите;
9. се грижи и одговара за уредноста и хронологијата на предметите со кои бил задолжен од страна на Секретарот;
10. води статистика за потребите на извештаите за прогресот на наплата по предметите со кои бил задолжен;

11. навремено и квалитетно извршува и други задачи кои му се доверени од страна на помошниците и извршителот;

12. одговара во рамките на своите овластувања.

Во случај на спреченост на правникот да ги обавува своите должности заменувањето ќе го врши Помладиот стручен соработник на КИРМ, а особено во случај на годишен одмор, болест или друго оправдано отсуство.

Посебни услови : дипломиран правник со 180 кредити според ЕКТС

Работно искуство : без работно искуство

Други професионални квалификации: познавање на MS Office апликации;

ефикасност/ефективност

способност за тимска работа

активно познавање на еден од јазиците на заедниците

активно познавање на еден странски јазик. “

**Комора на извршители на РМ**

Претседател на Управен одбор,

Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com